ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-4233/2
03 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 51-тата седница, одржано на ден 31 август 2021 година, донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-4233/1 од 10.09.2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека лицето ---------, професор по англиски на Универзитетот -----------, е поставена за советник за меѓународна соработка на Ректорот и лицето -----------, поставен за советник – претходен ректор, како и дека наведеното лице извршува повеќе функции на универзитетот не се потврдени, по што Државната комисија го запира постапувањето.

Предметот со број 09-4233/1 од 10.09.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4233/1 од 10.09.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека лицето -----------, професор по англиски на Универзитетот „---------- е поставена за советник за меѓународна соработка на Ректорот и лицето -------- е поставен за советник – претходен ректор. За лицето ---------- е наведено дека извршува повеќе функции на универзитетот. А додека за ---------- е наведено дека е сопруга на функционер на -----, претседател на ОО -----------

Заради утврдување на наводите од пријава, Државната комисија побара информација од Универзитетот „------------- во која постапка Ректорот ги избира своите советници кои му помагаат во работењето, односно дали постои уредена постапка за овој избор и информација за тоа кои функции ги извршува лицето ----------- на Универзитетот --------------.

Од доставената документација се констатира дека проф. д-р ----------- на Универзитетот ------------ има една функција, советник – претходен ректор. Наведеното лице е претходен ректор, избран од Универзитетскиот сенат со Одлука бр.0701-532/3 од 12.05.2011 година. За советник е избран од ректорската управа со Одлука за избор на советник на ректор, последен претходен ректор бр. 0202-654/7 од 17.09.2019 година, на предлог на ректорот на Универзитетот. Понатаму во дописот е наведено дека функцијата претходен ректор ја обавува во согласност со член 151 став 4 алинеја од Статутот на Универзитетот. Во дописот е истакнато дека по барање на советникот – претходен ректор, Проф. Д-р------------, неговата функција

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

престанува со почетокот на школската година 01.10.2020 година. Од 01.20.2020 година ректорот **нема ниеден советник, со што не се потврдуваат наводите во пријавата.**

До Државната комисија на ден 01.10.2020 година е пристигнат Заклучок со број 28.09.2020 година, во кој е наведено дека Ректорската управа на Универзитетот --------- го одбива барањето на советникот – претходен ректор, Проф. д-р ------------- за негово разрешување, при што бараат изјаснување од Државната комисија дали постои судир на интереси кај наведеното лице при извршување на функцијата советникот – претходен ректор.

Државната комисија достави мислење по гореспоментатото барање од Универзитетот --------- за тоа дека не постои состојба на судир на интереси кај лицето Проф. д-р ---------- во поглед на извршување на функцијата на советник – претходен ректор.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК